## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 19 февруари 2021 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: јануари 2021 година

– Во јануари 2021 година, согласно со сезонската динамика, **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])** оствари месечен пад од 0,5%, главно како резултат на намалените депозитни пари, а во помал дел и заради готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години, во услови на раст кај краткорочните депозити. На годишна основа паричната маса забележа раст од 9,0%, што во најголем дел се должи на зголемувањето на депозитните пари, а позитивен придонес имаа и готовите пари во оптек и краткорочните депозити. Долгорочните депозити до две години забележаа пад на годишна основа.

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[3,4] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 1.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 1.2021 | 12.2020 | 1.2021 |
| **Парична маса М4** | **455,834** | **468,912** | **469,050** | **486,989** | **484,490** | **8.9** | **9.8** | **6.9** | **6.9** | **7.7** | **3.1** | **-0.5** |
| **Парична маса М3** | **403,714** | **416,935** | **418,556** | **436,231** | **433,902** | **8.3** | **9.7** | **7.6** | **8.0** | **9.0** | **3.5** | **-0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 37,891 | 41,125 | 41,667 | 43,701 | 43,405 | 21.3 | 26.3 | 24.9 | 21.0 | 27.3 | 5.8 | -0.7 |
| **Вкупни депозити** | **409,200** | **418,916** | **418,644** | **434,915** | **432,539** | **8.3** | **8.4** | **6.1** | **5.9** | **6.3** | **3.0** | **-0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 108,138 | 110,550 | 112,505 | 123,212 | 119,518 | 12.5 | 11.2 | 8.0 | 10.1 | 12.0 | 5.8 | -3.0 |
| *Во денари* | 75,876 | 77,609 | 79,641 | 86,323 | 82,808 | 13.8 | 9.3 | 5.4 | 5.4 | 9.2 | 6.5 | -4.1 |
| *Во странска валута* | 32,261 | 32,941 | 32,865 | 36,889 | 36,709 | 9.5 | 15.9 | 14.9 | 22.8 | 18.8 | 4.4 | -0.5 |
| Домаќинства | 275,574 | 280,512 | 278,469 | 285,216 | 285,657 | 8.6 | 8.7 | 6.1 | 4.6 | 4.7 | 2.3 | 0.2 |
| *Во денари* | 147,532 | 149,204 | 145,806 | 150,991 | 150,011 | 11.9 | 10.1 | 6.2 | 3.3 | 3.9 | 3.8 | -0.6 |
| *Во странска валута* | 128,042 | 131,309 | 132,663 | 134,225 | 135,646 | 5.1 | 7.1 | 6.0 | 6.2 | 5.7 | 0.5 | 1.1 |
| **Вкупни кредити** | **343,702** | **352,718** | **352,824** | **357,296** | **356,943** | **5.8** | **6.6** | **7.3** | **4.7** | **4.6** | **1.1** | **-0.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 167,654 | 172,978 | 168,086 | 169,826 | 169,440 | 1.8 | 4.6 | 5.2 | 1.1 | 1.6 | 1.9 | -0.2 |
| *Во денари* | 103,597 | 106,688 | 101,925 | 102,688 | 102,625 | 0.4 | 3.3 | 2.7 | -0.9 | -0.1 | 1.9 | -0.1 |
| *Во странска валута* | 64,057 | 66,290 | 66,161 | 67,138 | 66,815 | 4.0 | 6.9 | 9.3 | 4.3 | 4.3 | 2.0 | -0.5 |
| Домаќинства | 174,634 | 178,384 | 183,431 | 185,814 | 185,851 | 10.1 | 8.8 | 9.5 | 8.0 | 7.4 | 0.4 | 0.0 |
| *Во денари* | 96,643 | 99,469 | 103,939 | 105,049 | 105,161 | 8.8 | 8.7 | 12.0 | 10.5 | 9.7 | 0.0 | 0.1 |
| *Во странска валута* | 77,990 | 78,916 | 79,492 | 80,765 | 80,689 | 11.9 | 8.9 | 6.4 | 5.0 | 4.6 | 1.0 | -0.1 |

Извор: НБРСМ.

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Годишните стапки на кредитите во периодот од јули 2019 па наваму се под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од една година.

[4] Податоците за монетарните агрегати, како и вкупните депозити и кредити заклучно со август 2020 година, не ги вклучуваат податоците за една банка на која во август 2020 година ѝ е укината дозволата за основање и работење и е отворена стечајна постапка.

- Во јануари, **вкупните депозити**[5] бележат месечно намалување од 0,5%, што целосно се објаснува со падот кај депозитите на корпоративниот сектор. Во споредба со истиот месец минатата година, вкупните депозити се зголемени за 6,3%, при речиси еднаков придонес кон растот на двата сектора.

- **Вкупните кредити**[6], во јануари 2021 година, се намалија за 0,1%, како резултат на намаленото кредитирање на корпоративниот сектор, додека кредитирањето на домаќинствата не забележа промена на месечна основа. На годишно ниво, вкупните кредити пораснаа за 4,6%, со поголем придонес кон растот на секторот „домаќинства".







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[7]




Извор: НБРСМ.

---

[5] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[6] На 9 август 2018 година, Советот на Народната банка ја усвои Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18), според која банките имаат обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат со пренесување на) сите побарувања коишто се целосно резервирани подолго од една година. Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1. јули 2019 година со што ефектот од споредбената основа се исцрпи во јули 2020 година. Оттука, разликите во годишните стапки на промена на кредитите со и без ефектот од извршените отписи се незначителни, поради што од августовското соопштение натаму овие споредби се прекинуваат.

[7] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

- Во јануари 2021 година, вкупните **депозити на корпоративниот сектор** бележат месечен пад од 3,0%. Притоа, падот во најголем дел произлегува од намалувањето на депозитните пари, при помал придонес и на краткорочните депозити, а во услови на умерен раст кај долгорочните депозити. Гледано на годишна основа, депозитите се повисоки за 12,0%, што главно се должи на растот на депозитните пари, краткорочните и долгорочните депозити во странска валута, додека краткорочните и долгорочните депозити во денари бележат пад.

- Во јануари, кај **кредитите на корпоративниот сектор**[8] е забележан пад од 0,2%, на месечна основа. Надолната промена пред сè е резултат на намалувањето на кредитите одобрени во странска валута, при помало влијание и на кредитите во денари. Во споредба со истиот период од претходната година, кредитите на корпоративниот сектор се повисоки за 1,6%, што во целост е одраз на растот на кредитите во странска валута, во услови на мал пад кај кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[9]




Извор: НБРСМ.

8 Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамките на странската валута.
9 За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

– Вкупните **депозити на домаќинствата**, овој месец, се зголемија за 0,2% на месечно ниво. Нагорната промена во најголем дел произлегува од краткорочните депозити во странска валута, како и од растот на краткорочните депозити во денари, но во помал обем, во услови на пад кај депозитни пари. Анализирано на годишна основа, депозитите на домаќинствата се зголемени за 4,7%, како резултат на повисоките депозитни пари и краткорочните депозити во странска валута, во услови на остварен пад кај останатите компоненти.

– Во јануари, вкупните **кредити на домаќинствата** беа непроменети на месечна основа. На годишна основа овие кредити забележаа раст од 7,4%, што се должи на зголемувањето на кредитите и во домашна и во странска валута, при поизразено зголемување на кредитите во денари.







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | годишна промена (во %) | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 1.2021 | 3.2020 | 6.2020 | 9.2020 | 12.2020 | 1.2021 | 12.2020 | 1.2021 |
| Потрошувачки кредити | 93,440 | 94,982 | 97,850 | 98,772 | 98,023 | 13.5 | 10.0 | 9.9 | 6.9 | 6.3 | 0.5 | -0.8 |
| Станбени кредити | 52,959 | 54,392 | 55,985 | 58,306 | 58,548 | 13.9 | 13.8 | 14.0 | 13.6 | 13.0 | 1.9 | 0.4 |
| Автомобилски кредити | 306 | 292 | 291 | 282 | 276 | -4.1 | -8.6 | -7.9 | -10.9 | -10.5 | -2.6 | -1.9 |
| Кредитни картички | 11,570 | 11,508 | 11,649 | 11,205 | 10,900 | -4.5 | -4.2 | -2.6 | -6.1 | -8.0 | -1.6 | -2.7 |
| Негативни салда по тековни сметки | 6,499 | 6,205 | 6,280 | 5,818 | 6,352 | -4.8 | -9.4 | -10.8 | -5.0 | -8.1 | -9.9 | 9.2 |
| Други кредити | 3,969 | 3,946 | 3,912 | 3,871 | 3,800 | -6.7 | -6.4 | -6.7 | -6.0 | -6.9 | 0.3 | -1.8 |

Извор: НБРСМ.

– Анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, кај најзастапената категорија – **потрошувачките кредити**, е забележан мал месечен пад од 0,8%, додека на годишна основа е остварен раст од 6,3%. **Станбените кредити** бележат месечно и годишно зоглемување од 0,4% и 13,0%, соодветно. **Автомобилските кредити** остварија месечен и годишен пад од 1,9% и 10,5%, соодветно, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** се намалија за 2,7% и 8,0%, на месечна и годишна основа, соодветно. Овој месец, кај **негативните салда на тековните сметки** е забележано месечно зголемување од 9,2%, а на годишно ниво тие се намалени за 8,1%. Кредитите одобрени врз **други основи,** во јануари, бележат месечен и годишен пад од 1,8% и 6,9%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/monetarna_statistika.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 19 март 2021 година (референтен пресек заклучно со февруари 2021).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).